ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 10-314/5

Дата: 29.03.2013

ДО

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме на резултатите

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност која се однесува на активностите поврзани со оценка на ризиците и можностите за подобрување на ефикасноста во планирањето и организирањето на услугите за превоз со моторни возила, опременоста и раководењето со возниот парк на СОЗР, извршувањето на услугите, кадровската екипираност, финансиски средства како и мерките и активностите за подобрувањето на извршување на услугите за превоз со моторни возила.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2012 година, со која е планирано вршење на ревизија на успешност на тема „Ефикасност на извршените услуги на Службата за општи и заеднички работи преку искористување на возниот парк“.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да одговори на прашањето ***“Дали Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ ги извршува услугите за превоз со моторни возила на ефикасен начин со цел задоволување на барањата и потребите на корисниците, согласно законските надлежности“,*** и да даде оценка за ефикасноста на извршените услуги на СОЗР преку искористувањето на возниот парк, националната регулатива, планирањето и организирањето на услугите за превоз со моторни возила, политиките на СОЗР за реализација на поставените цели, координацијата помеѓу СОЗР и корисниците на услугите за превоз со моторни возила, воспоставена рамка за нивно користење, кадровскиот потенцијал, опременоста и финансиски средства за остварување на целите, преземените мерки и активности во функција на ефикасно искористување на возниот парк на СОЗР.

Активноста која е предмет на ревизија е регулирана со соодветна законска и подзаконска регулатива. При ревизијата се фокусиравме на оценка на ризиците и можностите за подобрување на функционирањето на СОЗР заради ефикасно искористување на возниот парк и тоа од аспект на повеќе откриени ризици односно ризични области во деловите на: законска и подзаконска регулатива; организација, кадровска екипираност, опременост и финансирање на СОЗР; постапка за давање на услуги за превоз; мерки и активности за подобрување на состојбата со возниот парк и евиденција на моторните возила и изминатите километри. Активностите на ревизијата на успешност имаат за цел да помогнат наредните процеси и активности на СОЗР, корисниците на услугите за превоз и надлежните институции, да се фокусираат на исполнување на поставените постулати за ефикасно искористување на возниот парк на СОЗР.

На ден 09.01.2013 година во просториите на СОЗР одржан е завршен состанок, со цел запознавање на субјекот со основните оценки и препораки произлезени од извршената ревизија и беше искажано уверување од страна на претставниците на субјекот дека ревизорските оценки и препораки се правилно разбрани.

Состојбите кои се прикажани во овој извештај се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби како и креирање на јасни и реални препораки кои надлежните лица во СОЗР, корисниците на услугите за превоз како и надлежните институции, треба да ги спроведат. Периодот кој беше опфатен со ревизијата е определен на 2010 – 2012 година (заклучно со ноември 2012 година), иако се дадени состојби и настани кои се случиле и претходно и последователно односно до денот на известување од извршената ревизија. Посочената активност досега не била предмет на вршење на ревизија на успешност.

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме со спроведените техники и методологија, ни дадоа основа да утврдиме повеќе состојби:

- потреба од **донесување на годишна програма**/план за работа, годишен извештај за работењето на СОЗР со дефинирани активности, рокови за нивно извршување, одговорни лица за имплементација, со индикатори како показатели за степенот на реализацијата, потребни средства и извори на средства,
- не е извршено **усогласување** помеѓу Уредбата за начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР и подзаконските акти со кои се уредува начинот, условите и корисниците на услугите,
- недоволна **кадровска екипираност,** како еден од условите за непречено функционирање на СОЗР,
- влијанието на **старосната структура** врз ефикасноста на извршувањето на услугите за превоз со моторни возила,



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______
*2.* ______
*3.* ______

- **пресметката** на потрошувачката на гориво по вид/класа на возила се врши без донесена методологија/критериуми,
- **ненавремено плаќање на извршените услуги** од страна на корисниците,
- **соработката и координацијата** помеѓу СОЗР и корисниците на услуги се одвива со одредени слабости,
- **договорите** за извршување на услугите се склучуваат со задоцнување во однос на законски предвидениот рок,
- **оттуѓување и набавка на моторни возила**, за подобрување на структурата на возниот парк,
- надградба на **софтверската апликација** за водење на евиденција за извршените услуги за превоз по возила, корисници и институции.

Процесите поврзани со заокружување на рамката на законски и подзаконски акти неопходни за развој и функционирање на СОЗР во делот услуги за превоз во периодот 2010 - 2012 година резултираат со преземени мерки за донесување на: упатства, правилници и постапки со цел регулирање на услугите за превоз, измени на Одлуката за основање на СОЗР и Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, обезбедување на нови вработувања, набавка на 30 нови моторни возила, набавка на ГПС уреди, продажба на моторни возила кои не се во функција или се со старост повеќе од 15 години, добиени моторни возила од други државни органи, спроведена контрола на потрошувачката на гориво на возилата со кои располага СОЗР.

***Респектирајќи ги постоечките активности, мерки и резултати кои се реализираат во процесот на давање на услуги преку искористување на возниот парк на СОЗР, на мислење сме дека со донесување и усогласување на законската регулатива, зајакнување, подобрување, надградба на постоечките институционални капацитети - кадровски, финансиски, материјално-технички, подобрување на взаемната комуникација, соработка и координација помеѓу СОЗР и корисниците на услугите, ќе се зголемат можностите и условите за ефикасно извршување на услугите и подобрување на севкупните состојби во наведената област.***

Дадовме и **препораки** кои во најголема мерка зависат од активностите на Владата на РМ, СОЗР и корисниците на услугите, истите се темелат на резултатите од извршената ревизија и се во функција на подобрување и унапредување на условите за ефикасно извршување на услугите за превоз и задоволување на потребите на корисниците.

Препораките кои ги даваме се однесуваат на преземање мерки и активности во подрачјата за кои откривме потребни зајакнувања и тоа:



| *Ревизорска екипа* | *Овластен државен ревизор* |
|---|---|
| *1.* | |
| *2.* | |
| *3.* | |

- усогласување на законската и подзаконската регулатива;
- изработка на стручни анализи за искористеноста на моторните возила и трошоците/приходите за реализацијата на целокупната услуга за превоз;
- подобрување на состојбата со кадровската екипираност;
- донесување на пишани процедури за начинот на отчитување на трошоците;
- подобрување на наплатата на побарувањата по основ на извршените услуги;
- континуирана и непосредна соработка со корисниците на услугите;
- целосна, навремена и ажурна евиденција;
- навремено отпочнување на активностите за склучување на договори;
- продолжување на активностите за подобрување на состојбата со возниот парк на СОЗР;
- унапредување на софтверот за евиденција на извршените услуги за превоз и
- зајакнување на контролните постапки за ефикасното искористување на возниот парк на СОЗР.

Од страна на одговорно лице на СОЗР, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани, дел не се прифаќаат, додека дел претставуваат известување за определени состојби, превземени мерки и активности од страна на СОЗР, во насока на подобрување на услугите за превоз со моторни возила.



*Ревизорска екипа*
*1.*
*2.*
*3.*

*Овластен државен ревизор*